„Не постете еден или два дена пред рамазан, освен ако некој практикувал да пости – тогаш нека пости.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не постете еден или два дена пред рамазан, освен ако некој практикувал да пости – тогаш нека пости.“

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, забранил муслиманот да пости ден или два пред рамазан со цел да се биде претпазлив за рамазанот, бидејќи задолжителноста на постот во рамазан е поврзана со појавата на младата месечина, и нема потреба од оптоварување со дополнителен пост. Исклучок се оние што имаат пракса на редовен доброволен пост – како оние што постат еден ден, а еден не (постот на Давуд), или секој понеделник и четврток – па ако тоа се совпадне, нека пости. Тоа не се смета за пречекување на рамазан преку пост. Исто така, дозволено е постење ако е во прашање задолжителен пост, како напостување ден кој не бил постен или за пост поради завет.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4508